Бр./Nr 12-1653/2
09-09-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1653/1 од 29.05.2025 година, поднесена против лицето ------ од -------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со бр. 12-1653/1 од 29.05.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 29.05.2025 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-1653/1 од 29.05.2025 година.
Во пријавата подносителот наведува дека во -------- имало хотел и ресторан кој стоел затворен најмалку 10 години, а сопственикот, лицето --------- одбивал да го отвори или да го изнајми на друго лице.

*Според член 2 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) (понатаму: ЗСКСИ), под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.*
*Според член 8 став 2 од ЗСКИ, под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.*

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема конкретни наводи кои би упатиле на дејствие што претставува корупција согласно дефиницијата утврдена во член 2 став 1 од ЗСКИ по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. Имено, пријавеното лице не претставува службено лице во смисла на член 8 став 2 од ЗСКИ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата